Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-661/3
22.06.2023 год.
ПЕТРОВЕЦ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

## ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште - ГП бр.1.1 согласно Архитектонско урбанистички проект за КП 68/1 КО Петровец, Општина Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-661/1 од 2023г., за одобрување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - ГП БР.1.1 СОГЛАСНО АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА КП 68/1 КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **88/22** од 02.2023 год. изработен од **Друштво за проектирање инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за проектирање инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп**, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, со техн. број 88/22** од 16.03.2023 изработен од Друштво за проектирање инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - ГП БР.1.1 СОГЛАСНО АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА КП 68/1 КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, со технички број 88/22 од 02.2023 год.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

6.Податоци информации и мислења од релевантни институции

7.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 88/22 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-661/2 од 06.06.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,бaрателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски